ЗАПИСНИК ОД РАБОТИЛНИЦАТА ОДРЖАНА СО АФПЗРР – ХОЛИДЕЈ ИН

Во рамките на кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020 што се реализира со помош на мерката Техничка помош, на 20.11.2019 година се одржа работилница со вработените во АФПЗРР. На работилницата се разгледуваше листата на потребни општи и посебни документи за поднесување на барање за користење на средства за мерките 1 и 7. Телото за управување со ИПАРД (ТУ) имаше забелешки на дел од документите во листите. За секоја поединечна забелешка се водеше дискусија, а на крајот на дискусијата се донесе заклучок како да се постапи за надминување/разјаснување на забелешките.

<u>**Мерка 1:**</u>

1. На почетокот на листата на општи документи за мерка 1, во напомената, се вели дека „***Документите кои што се издаваат врз основа на јавните книги или востановен систем на евиденција не треба да бидат постари од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, со исклучок на документите кои го потврдуваат исполнувањето на обврските за платени даноци и придонеси кој не треба да биде постар од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик***“. Мислење на ТУ е дека ваквата формулација е генерална и дека треба точно да се специфицира изразот јавни книги или воспоставен систем на евиденција, односно поединечно за секој документ да се назначи важноста на документот (колку треба да биде стар).
   ЗАКЛУЧОК: До секој документ да стои напомена за неговата важност.
2. За мерка 7 во листата на потребни општи документи недостасува трансакциска сметка од барателот (копија), а истата е наведена во листата на потребни општи документи за мерка 1.
   ЗАКЛУЧОК: Да се стави трансакциска сметка на барателот (копија) во листата на потребни општи документи за мерка 1.
3. Согласно ИПАРД Програмата 2014-2020, во случај кога барателот нема средно образование се бара евиденција во ЕРЗС во минатите 3 години, а во случај да не постои таква евиденција се бара сертификат за посетени обуки.
   ЗАКЛУЧОК: Да се вметне во листата дека документот ќе се бара во случај да барателот да не е запишан во ЕРЗС во последните 3 години.
4. ЗАКЛУЧОК: Да се дополни во листата дека изјавата дека на крајот на инвестицијата барателот ќе се регистрира за вршење на дополнителна дејност (во случај на инвестиции во преработка на земјоделски производи) на земјоделското стопанство е потребна само за физички лица).
5. ЗАКЛУЧОК: ТУ ќе изработи Листа на минимални услови за добра земјоделска пракса и ќе ја објави на својата интернет страна, со цел да се информираат барателите кога ќе подготвуваат изјава дека се запознати со условите пропишани во листата на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина и дека истите ќе ги почитува и

спроведува на целото земјоделско стопанство пред доставување на барањето за исплата.

6. Како генерален проблем во оваа мерка се посочи проблемот со одобрување на елаборатите за заштита на животната средина од страна на општините. Слабите капацитети во општините во детерминирањето на стандардите за заштита на животната средина, а посебно за различни типови и капацитети на барателите, се рефлектираат на спроведувањето на ИПАРД.

   ЗАКЛУЧОК: ТУ ќе ги објави на својата интернет страна Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на Регистарот за одобрени елаборати. На претстојните форуми со техничките тела, ТУ и АФПЗРР ќе разговараат со општините, ЗЕЛС или претставниците на МЖСПП за изнаоѓање на решение за подобрување на состојбите.

7. Доказите од банки дека редовно се подмирени обврските по основ на кредити мора да имаат печат и потпис.

   ЗАКЛУЧОК: Да се прецизира во упатството дека овие докази мора да се со печат и потпис, бидејќи има банки кои издаваат вакви докази на меморандум и само со потпис.

8. Во листата на потребни документи нема документи кои се бараат за докажување на правото на користење на вода за наводнување.

   ЗАКЛУЧОК: Да се наведе во листата точно кои документи ќе се бараат (договор за водоснабдување, дозвола за легализација на бунар) и за кои баратели (дали ќе се бара за нови инвестиции во опрема за наводнување). ТУ, заедно со АФПЗРР и МЖСПП да ги прецизира и објаваи условите, времето и средствата потребни за легализација на бунарите за вода.

9. Во листата на потребни документи нема документ со кој се докажува дека барателот не должи за користењето на вода за наводнување.

   ЗАКЛУЧОК: Да се наведе во листата точно кои документи ќе се бараат за да се докаже дека барателот нема неподмирени обврски за користење на вода за наводнување.

10. ЗАКЛУЧОК: Во делот на документи за општи трошоци за инвестицијата да се специфицира дека во случај кога не се платени општите трошоци кон консултантите ќе се бара да се достави Договорот меѓу барателот и консултантот, а во случај кога се платени општите трошоци ќе се бара да се достави фактура за палтени општи трошоци. Во дискусијата во оваа насока се постави прашање за одредена ситуација на кое АФПЗРР не даде конкретен одговор. Имено, дали општите трошоци ќе се одбијат ако барателот не достави банкарски извод (изјава) за платени општи трошоци?

<u>Мерка 7:</u>

1. На почетокот на листата на општи документи за мерка 7, во напомената, се вели дека „***Документите кои што се издаваат врз основа на јавните книги или востановен систем на евиденција не треба да бидат постари од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик, со исклучок на документите кои го потврдуваат исполнувањето на обврските за платени даноци и придонеси кој не треба да биде постар од еден месец сметано од денот на објавување на јавниот повик***“. Мислење на ТУ е дека ваквата формулација е генерална и дека треба точно да се специфицира изразот јавни книги или воспоставен систем на евиденција, односно поединечно за секој документ да се назначи важноста на документот (колку треба да биде стар).
ЗАКЛУЧОК: До секој документ да стои напомена за неговата важност.
2. Се разви дускусија во случај кога барателот аплицирал како физичко лице, а на крајот на инвестицијата по сила на закон треба да го смени статусот во ТД или правно лице (инвестиција во угостителство). Дали ваквата промена ќе се смета за промена на барател (договорот е склучен со физичко лице, а исплатата ќе биде на правно лице) и дали во договорот е предвидена ваква промена на статусот на барателот?
3. ЗАКЛУЧОК: во однос на документот Диплома / Сертификат за економски неземјоделски дејности, АФПЗРР треба точно да наведе на кои неземјоделски активности се мисли и да се утврди кој може да издаде ваков Сертификат.
4. ЗАКЛУЧОК: за доказите дека барателот (правно лице) не е во постапка на стечај и во постапка на ликвидација и доказ дека врз барателот не е изречена прекршочна санкција забрана на вршење професија, дејност или должност, да се наведе од каде се обезбедуваат овие докази.
5. ЗАКЛУЧОК: да се наведе која институција издава потврда дека најмалку едно одговорно лице е во редовен работен однос (ангажирано со договор за работа, привремено вработено) во правното лице.
6. ЗАКЛУЧОК дека треба да се надополни Барањето за користење на средства во делот на доказ за сопственост на земјиште или објект кој е предмет на инвестиција со евидентирање на договорот за закуп или концесијата во имотниот лист на закуподавачот. Поточно, Барањето да се усогласи со акредитираниот документ (Application form M7) .Доказите од банки дека редовно се подмирени обврските по основ на кредити мора да имаат печат и потпис.
ЗАКЛУЧОК: Да се прецизира во упатството дека овие докази мора да се со печат и потпис, бидејќи има банки кои издаваат вакви докази на меморандум и само со потпис.
7. ЗАКЛУЧОК: да се наведе која институција издава решение за одобрен елаборат за оценка на влијанието на проектот врз животната средина/интегрирана А или Б дозвола.

8. ЗАКЛУЧОК: Да се наведе која институција (Министерство за транспорт и врски, Општината) издава потврда дека за предложената инвестиција не е потребно одобрение за градба.
9. ЗАКЛУЧОК: Во делот на документи за општи трошоци за инвестицијата да се специфицира дека во случај кога не се платени општите трошоци кон консултантите ќе се бара да се достави Договорот меѓу барателот и консултантот, а во случај кога се платени општите трошоци ќе се бара да се достави фактура за палтени општи трошоци.
10. ИПАРД Програмата 2014-2020 наложува достава на Деловен план во случај кога вкупно прифатливите трошоци (total eligible budget) на инвестицијата надминуваат 50.000 евра. Во Упатството за корисници објавено на веб страната на АФПЗРР (во делот на јавен повик 02/2018) се бара достава на Деловен план во случај кога сумата на инвестицијата надминува 50.000 евра.

    ЗАКЛУЧОК: Да се модифицира Програмата, бидејки при подготовка на Проектот не се знае вредноста на прифатливите трошоци за да може да се знае дали треба деловен план или технички предлог проект.
11. ИПАРД Програмата 2014-2020 наложува достава на Технички предлог проект во случај кога вкупно прифатливите трошоци (total eligible budget) на инвестицијата не надминуваат 50.000 евра. Во Упатството за корисници објавено на веб страната на АФПЗРР (во делот на јавен повик 02/2018) се бара достава на Технички предлог проект во случај кога сумата на инвестицијата не надминува 50.000 евра.

    ЗАКЛУЧОК: Да се модифицира  Програмата, бидејки при подготовка на Проектот не се знае вредноста на прифатливите трошоци за да може да се знае дали треба деловен план или технички предлог проект.
12. ЗАКЛУЧОК: Да се специфицира која институција издава дозволи за користење на водата за аквакултура.
13. ЗАКЛУЧОК: Да се специфицира која институција издава Договор за собирање на основен материјал од шумите. Да се провери дали е Договор или Дозвола за за собирање на основен материјал од шумите.
14. ЗАКЛУЧОК: За сите документи кои АФПЗРР ги прибавува по службена должност да се наведе кои институции ги издаваат за да можат барателите да потврдат и да се уверат во исправноста на документите и истите да се презентирани во Упатството за корисници.
15. ЗАКЛУЧОК: АФПЗРР Да провери дали Комората на занаетчии евидентира занаетчии правни лица.
16. ЗАКЛУЧОК: Да се избришат од потребни документи Лиценцата за меѓуопштински и линиски превоз и Дозволата за меѓуопштински и линиски превоз бидејќи Листата на прифатливи трошоци не предвидува трошоци за транспортни услуги.

17. ЗАКЛУЧОК: Наместо да се бараат технички цртежи придружени со пишан елаборат за традиционалниот стил на градба и опис на градежните материјали кои ќе употребуваат доволно е да се достави само доказ од овластен архитект за традиционалниот стил на градба кој ќе се користи и соодветно да се објасни во деловниот план или техничкиот предлог проект (не треба елаборат) (да се ажурира согласно критериумот по мерка 7 од ИПАРД II Програмата).

**<u>Барање за исплата</u>**

1. Барањето за исплата да се додадат во фолдерите на објавените повици (Пр. Барањето за исплата по мерка 7 да се додаде во делот од веб страната на Агенција *(ИПАРД Програма 2014-2020, ИПАРД повици, Јавен повик бр.01/2019, Мерка 7)* и воедно истите ќе бидат превземени и од Телото за управување со ИПАРД и ќе се објават на веб страната на ИПАРД (ipard.gov.mk.).